Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 97 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр.124/2015), вон седница го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исправка на Решението бр. 09-703/26 од 02.09.2020 година**

**1. СЕ ВРШИ исправка** на Решението бр. 09-703/26 од 02.09.2020 година, така што точка 2 од диспозитивот се менува и гласи: „**СЕ ПОНИШТУВА Одлуката** за избор на најповолна понуда бр. 05-770/11 од 09.07.2020 година за дел 1, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.08547/2020 за набавка услуги - Здравствени услуги-испитување на безбедност на вода на договорниот орган ЈПКД Комуналец – Гевгелија **и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување за Дел 1** “.

**2.** Во останатиот дел Решението останува неизменето.

**3.** Ова Решение е составен дел на Решението бр. 09-703/26 од 02.09.2020.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за жалби по јавни набавки по доставувањето на Решението бр. 09-703/26 од 02.09.2020 година до странките, констатира техничка грешка во диспозитивнот во точка 2 на страна 1/1. Со оглед на наведеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки го донесе ова Решение со кое се врши исправка на Решението бр. 09-703/26 од 02.09.2020.

Предвид на погоре изложеното, се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 09-703/27
10.09.2020 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- ЈЗУ „ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ“ Велес
- ЈПКД Комуналец - Гевгелија